**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 1 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 129/2023 и 53/2024) Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители на седницата одржана на 15.3.2024 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОЛАГАЊЕ ПРИЕМЕН ИСПИТ ВО АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ПАВЕЛ ШАТЕВ

## Член 1

Во Правилникот за полагање приемен испит во Академијата за судии и јавни обвинители "Павел Шатев" број 02-370/4 од 18.9.2023 година по членот 22 се додава нов член 22-а кој гласи:

„Член 22-а

(1) По исклучок, во случаите кога квалификацискиот тест се полага согласно член 40 став (7) и (8) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" број 129/2023 и 53/2024) и член 45 став 9 од Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев („Службен весник на РСМ" број 172/2023 и 62/2024), квалификацискиот тест се одржува согласно правилата утврдени во овој член.

(2) Квалификацискиот тест е анонимен и се полага хартиено, со боење на образец подготвен од Академијата, пред Приемната комисија во полн состав.

(3) Полагањето на квалификацискиот тест се снима, а по завршувањето на полагањето снимката ја чува Академијата.

(4) Пред почетокот на полагањето на квалификацискиот тест, член од Приемната комисија ги повикува кандидатите и го утврдува нивниот идентитет преку важечки документ за лична идентификација по што кандидатите влечат испитна шифра, ја внесуваат шифрата во листата за потпис од Академијата и се потпишуваат во истата.

(5) Обрасците шифрарници кои се користат за прегледување на резултатите од полагањето ги обезбедува Академијата и на нив има печат од Академијата.

(6) Пред почетокот на полагањето, членовите и секретарот на Приемната комисија ги известуваат кандидатите кои го полагаат квалификацискиот испит за правилата на полагањето, начинот на боење на шифрарниците и ги информираат кандидатите дека понудените одговори на прашањата од квалификацискиот тест претставуваат класифицирани информации и дека сознанијата добиени од класифицираните информации е забрането да ги отстапуваат на трети лица, за што потпишуваат изјава согласно член 13 став 5 од овој Правилник.

(7) Содржината на тестот и оценувањето на тестот се одвива согласно член 20 став (1), (2), (3) и (4) и член 21 од овој Правилник.

(8) На кандидатите им се делат тестови со прашања и понудени одговори и посебен образец – шифрарник, се потенцира дека предмет на оценување е единствено образецот-шифрарник, а не тестот со прашања и понудени одговори, при што се укажува дека е поделен празен образец – шифрарник, а во спротивно кандидатите се поучуваат дека веднаш е моментот да пријават евентуално отстапување од тоа.

(9) При одговорањето на прашањата, кандидатите користат исклучиво темно сино хемиско пенкало, кое им е доделено од страна на Академијата. Точноста на прочитаните резултати од електронскиот читач зависи од правилното пополнување на образецот, кое треба да биде со боење на целиот круг на одговорот кој кандидатот го означил за точен, додека погрешно пополнување е прецртување со „x", „штиклирање" и сите други начини на означување кои не опфаќаат комплетно боење на кругот.

(10) Во образецот – шифрарник се пополнуваат деловите означени како „шифра на кандидат", „група" и „термин", дадените одговори на прашањата, освен што не се внесуваат никакви забелешки, ознаки букви, бројки, знаци и слично. Секој кандидат кој ќе внесе било каква ознака на шифрарникот ќе биде елиминиран и исклучен од приемниот процес, што Приемната комисија го констатира на лице место при предавањето на шифрарникот, за што ќе состави записник, а означениот образец ќе биде евидентиран на снимка.

(11) Образецот со точни одговори (клучот) од секој тест треба да биде шаренолик во однос на: редоследот на дистрибуцијата на одговорите во тестот и во клучевите од последователни групи.

(12) Времетраењето на квалификацискиот тест е 180 минути.

(13) По завршување на полагањето, Приемната комисија ги прибира шифрарниците и дадените изјави од ставот 6 на овој член. Кандидатот при

предавање на шифрарникот пред тројца членови на Комисијата се потпишува дека предава комплетно пополнет шифрарник. Доколку кандидатот не предаде комплетно пополнет шифрарник, истото се евидентира на снимка и во записник. По завршувањето на полагањето на секоја група, Комисијата за приемен испит составува записник за полагањето во кој накратко се означува бројот на кандидати кои биле пријавени за полагање, бројот на кандидати кои го полагале испитот, бројот на кандидати кои не се појавиле на полагање и ја евидентира секоја настаната ситуација во процесот на полагање. Записникот го потпишува претседателот на Комисијата.

(14) Комплетната документација од секоја група кандидати кои полагале се собира од страна на Комисијата во затворен плик и истата се чува заклучена на соодветно место во Академијата се до моментот на електронско прегледување на резултатите.

(15) Резултатите од тестирањето се прегледуваат електронски со помош на електронски читач во присуство на претседателот, заменик претседателот на секретарот и заменик секетарот на Приемната комисија. Обрасците поделени по групи се читаат на електронскиот читач така што Академијата подготвува клуч (обоен образец со точни одговори) за секоја група, кој се става во читачот заедно со таа група на пополнети шифрарници на кандидатите. Резултатите читачот ги генерира автоматски и истите ги поврзува со приемната и испитната шифра на кандидатот, а компјутерот на кој се врши читањето на резултатите снима логови за секоја превземена активност.

(16) Резултатите се објавуваат на веб страницата на Академијата и на огласна табела под приемна шифра и шифра под која кандидатот го полагал тестот, на крајот на тестирањето на сите групи.

(17) Кандидатот што смета дека погрешно му е пресметан збирот на бодовите или има техничка грешка при објавување на резултатите има право на посебен приговор до Комисијата во рок од еден работен ден од денот на објавувањето на резултатите на веб-страницата и на огласната табла на Академијата.

(18) Комисијата е должна да одлучи по приговорот во рок од три работни дена од денот на приемот на приговорот, а против одлуката на Комисијата кандидатот има право на жалба до Управниот одбор на Академијата во рок од три работни дена од денот на приемот на одлуката.

(19) На седницата на Управниот одбор на Академијата на која се разгледува жалбата на кандидатот учествува и претседателот на Комисијата или член што ќе го определи тој, без право на глас.

(20) Управниот одбор на Академијата со одлука во рок од три работни дена, ја уважува или ја одбива жалбата на кандидатот, а ги отфрла ненавремените жалби.

(21) Врз основа на одлуките на Управниот одбор по жалбите, а по извршена ревизија од страна на Комисијата за ревизија на оваа фаза од испитот како и на бодовите на ранг листата, Комисијата за приемен испит ја објавува ранг-листата со конечните резултати на кандидатите што го полагале квалификацискиот тест.

**Член 2**

(1) Во членот 24 по ставот (9) се додава нов став (10) кој гласи:

(10) Полагањето на писмениот дел од испитот трае 150 минути по студија на случај.

**Член 3**

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

(2) Овој правилник се објавува на веб-страницата на Академијата.

Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР,
Судија Беким Мехмеди